Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-465/3

06-08-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-465/1 од 20.6.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted] против [redacted] Скопје, за извршена дискриминација врз основа на пол и семејна или брачна состојба во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-465/1 од 20.6.2024 година поднесена од [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација врз основа на пол и семејна или брачна состојба во областа на работата и работните односи **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На ден 20.6.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација врз основа на пол и семејна или брачна состојба во областа на работата и работните односи.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беше наведено образложение, односно не беа изнесени фактите и околностите врз кои подносителот ја темели претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 26.6.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот. Со барањето тој беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката во насока што ќе наведе образложение.

По неуспешен обид за уредна достава на Барањето за доуредување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката заради неуредност.

Скопје
6.8.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]